**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП.I. Бр. 25 – 29
.04.2014 година
21-05-2014 Скопје

Министерот за економија врз основа на член 24 став (4) од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/06, 63/07, 24/11, 51/11, 148/11 и 164/13) и член 4 од Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена сообразност („Службен весник на Република Македонија“ бр.157/07), постапувајќи по барањето на Друштвото за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје УП.I. Бр. 25 - 29 од 07.04.2014 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за овластување за вршење на оцена на сообразност

1. СЕ ОВЛАСТУВА Друштвото за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје, за испитување и надзор на жичани постројки наменети за превоз на лица - верификација на единица (Модул „G“).

2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување и ќе важи до исполнување на условите од член 24 ставови 1 и 22 од Законот за безбедност на производите.

3. Правното лице доколку изврши промени на условите или престанало да ги исполнува условите од точка 2 на ова решение, должно е да го извести Министерството за економија најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

## О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје, до Министерството за економија поднесе барање УП.I. Бр. 25 - 29 од 07.04.2014 година, за донесување на Решение за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност (испитување и надзор на жичани постројки наменети за превоз на лица - верификација на единица (Модул „G“).
Врз основа на барањето и согласно член 24 став 1 од Законот за безбедност на производите, член 2 и 3 од Уредбата за постапката за донесување на решението за

овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена сообразност и членовите од точка 6. Верификација на единица (Модул „G“) од Правилникот за пуштање на пазар на жичани постројки наменети за превоз на лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/07 и 113/11) и доставената документација: Решение за упис во Централниот регистар на Република Македонија, изјава за техничка опременост од управителот на друштвото, Полиса за осигурување од одговорност од дејност од А.Д. Осигуртелна полиса „Национална групација за осигурување“- Скопје, Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централен регистар на Република Македонија, докази за вработениот стручен кадар Драган Антовски, електротехнички инженер, Горан Николовски и Никола Поцев, дипломирани инженери по машинство, Марин Ивановски, машински техничар и ГаврилоГгаврилоски, доктор на технички науки, ангажиран со Договор за ангажирање на соработник бр.03-121/1 склучен на 17.04.2014 година и Сертификатот за акредитација со Прилог кон Сертификатот за акредитација на инспекциското тело со Бр. ИТ – 024, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија на 29.01.2014 година со важност до 28.01.2018 година, се утврди дека се исполнети условите за донесување на ова РЕШЕНИЕ.

Согласно доставената документација се одлучи како во Диспозитивот на Решението.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение незадоволната странка има право на жалба во рок од 8 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР,

Valon Saraqini

ДОСТАВЕНО ДО :
- подносител на барањето
- ДИТИ
- ДПИ
- ИАРМ
- архива

-изготвил: Лилјана Миноска
-контролирал: Јане Шапардановски
Саша Шиндилоски
Нериман Џеладини
-одобрил: Билјана Д.Стојановска
-согласен: Анче Трифунов